Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 15.02.2021

На 14.02.2021 околу 14.15 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.М.(18) и 17-годишник од Тетово, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 14.02.2021, во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 105 мерки, од кои 13 за возење без возачка дозвола, 6 за управување под дејство на алкохол, 11 мерки за нерегистрирани и технички неисправни возила, 2 за поминување на затворен семафор (црвено светло), 7 мерки за користење на мобилен телефон, 4 за некористење на сигурносен појас и 8 санкции за непроприсно паркирање.

На 14.02.2021 околу 22.25 часот во с.Теново, тетовско, полициски службеници на СВР Тетово времено одзеле патничко моторно возило „рено 4", со гостиварски регистарски ознаки, што го управувало 17-годишно лице од ова село, бидејќи возилото не било регистрирано повеќе од 6 месеци. Против сопственикот на возилото ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.02.2021 во 22.24 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" со тешки телесни повреди бил донесен П.Ѓ.(64) од Скопје, кој се повредил извршувајќи работни задачи за фирма на објект на Водно. Полициски службеници од СВР Скопје извршиле увид на местото.

На 14.02.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Карпош, Ј.М.(60) од Скопје пријавил дека на ул.„Ацо Шопов" бил каснат од куче скитник.

Денеска (15.02.2021) во 11.50 часот во Скопје полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка- Отсек за меѓународни потраги го приведоа Б.А. (47) од Азербејџан, по распишана меѓународна потерница од Интерпол Баку, Азербејџан, кој се барал за издржување на казна затвор во времетраење од 12 години. Секторот за меѓународна полициска соработка продолжува со активностите за приведување на бегалците од правдата на територијата на Република Северна Македонија, но и надвор од неа во соработка со Интерпол и полициите на другите држави.

Денеска околу 12.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Старавина при Регионалниот центар за гранични работи Југ во соработка со екипа на Територијалната противпожарна единица извлекоа шест лица од прилепското село Вепрчани, кои поради снежни наноси не можеле да излезат од селото од 13.02.2021. Лицата биле на возраст од 24 и 25 години од Кавадарци и во село Вепрчани отишле на 13.02.2021. Сите биле затекнати во добра здравствена состојба. Со возила на граничната полиција и на противпожарната единица тие биле однесени во Прилеп од каде заминале во своите домови во Кавадарци.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Н.С.(42) од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материии". При преглед извршен на 04.11.2020 на ул.„Партизанска" во Струга, полициските службеници пронашле и одзеле пиштол „WALTER" калибар 7,65 милиметри, чиј број бил механички отстранет, со 7 куршуми. Дополнително, при претрес во неговиот дом, биле пронајдени и одземени три куршуми калибар 9 милиметри. Одземените предмети, пријавениот нелегално ги поседувал.

На 14.02.2021 во 21.10 во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода А.Ц. од Скопје, затоа што физички ја нападнал неговата мајка, а се обидел и со остар предмет да нападне полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 14.02.2021 во 14.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле Д.И.(12), за кој на 10.02.2021 беше пријавено дека се оддалечил од домот.

На 14.02.2021 во 14.35 часот во СВР Скопје, Е.П.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Аеродром, по претходна расправија, таа, нејзината внука и нејзиниот татко биле физички нападнати од И.Н. и нејзината ќерка. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.02.2021 во 20.10 часот во СВР Скопје, Р.С.(21) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Д.И.(27) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 14.02.2021 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Вражале, скопско, настанал пожар во штала, сопственост на Н.О.(68). Од пожарот целосно изгорела шталата и неколку грла добиток. Пожарот е изгаснат.

На 14.02.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје, Т.Т.Т.(48) од Скопје пријавила дека околу 11.30 часот на подрачјето на Карпош нејзиниот син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.02.2021 во 15.29 во СВР Скопје, од Бригадата за противпожарна заштита Скопје било пријавено дека во 14.00 часот на ул.„Саса" во Скопје, во подрумските простории на куќата во сопственост на Љ.А.(56) настанала експлозија на котел за греење на дрва. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.В.(24) од с.Лескоец, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.11.2019 на ул.„Кеј Македонија", полициски службеници при преглед над пријавениот и на патничко возило „гранд чироки", кое го управувал, пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Љ.А.(20) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 09.02.2021 во с.Арачиново, полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории на пријавениот, при што во неговата викенд куќа пронашле и одзеле околу 1,5 килограми хероин, хашиш, марихуана, рачна метална преса и други предмети.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.О.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 01.02.2020, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мерцедес", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „црвена застава" со две рамки и 15 куршуми. А.О. бил лишен од слобода за понатамошната постапка.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против правно лице од Струмица и В.П.(53) од Струмица, управител на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здраствените прописи за време на епидемија". На 31.12.2021 во 19.30 часот, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект на правното лице во Струмица, при што било констатирано дека работи после пропишаното работно време и во него биле присутни повеќе лица, со што постапиле спротивно на Протоколот за отварање и работа на угостителски објекти за исхрана - прилог бр.58, објавен во „Службен весник" од 04.11.2020 и Одлука на Влада од 16.12.2020.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет